# ЗАКОН

## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ИЗНОС ОД 50 МИЛИОНИ ЕВРА НАМЕНЕТ ЗА ПОДРШКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската Заедница со заем во износ од 50 милиони ЕВРА наменет за поддршка на платниот биланс.

### Член 2

Заемот од член 1 од овој закон ќе биде повлекуван во три транши:

Првата транша од 10 милиони ќе биде повлечена пред крајот на 2000 година, веднаш по потпишување на аранжманот ПРГФ/ЕФФ со ММФ.

Втората транша од 12 милиони Евра ќе биде повлечена не порано од три месеци по повлекувањето на првата транша и откако Европската Заедница ќе утврди дека условите утврдени со ПРГФ/ЕФФ аранжманот со ММФ се исполнуваат онака како што е предвидено.

Времето на повлекување како и условите за повлекување на третата транша од 28 милиони ЕВРА дополнително ќе бидат договорени помеѓу Европската Заедница и Република Македонија.

### Член 3

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години со грејс период од 10 години и варијабилна каматна стапка - ЕУРИБОР плус 0,30 проценти.

Заемот ќе се отплаќа во годишни рати кои доспеваат за плаќање на датите кои ќе бидат утврдени во Договорите за позајмување при што првата рата ќе биде доспеана за плаќање во 11-тата година, додека последната во 15-тата година од ефектуирање на заемот.

### Член 4

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплатува од Буџетот на Република Македонија.

### Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".